Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14, 4/19, 7/19 и 1/21), по барање на **ЈЗО „Здравствен дом на Скопје" - Скопје, ОЕ служба за ПЗЗ Гази Баба,** за сечење и кастрење на дрвја, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши сечење и кастрење на урбано зеленило ( останато зеленило ) и тоа: сечење на 1 (едно) дрво (чемпрес) и кастрење на 3 (три) дрвја (липи), кои се наоѓаат **во кругот на амбулантата во Автокоманда на ул. „Ташко Караџа" бр. 24 – Скопје.**
2. Сечењето и кастрење на дрвјата ќе го изврши и организира барателот, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.
3. Сечењето и кастрење на дрвјата да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на барателот.
4. Се обрзува барателот, во рок од 30 дена по реализација на точка 1, од ова решение, да изврши компензациско садење на 1 (едно) дрво, постаро од 6 години, на иста парцела каде што е извршено сечењето, а доколку тоа не е можно, во пречник од 500 м од пресечените стебла.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

**ЈЗО „Здравствен дом на Скопје" - Скопје, ОЕ služна за ПЗЗ Гази Баба, ул. "Ташко Караџа" бр. 24 - Скопје** поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр. **14-6/69** од **17.02.2023** година, за сечење и кастрење на дрвја што се наоѓаат, во кругот на амбулантата во Автокоманда на **ул. „Ташко Караџа" бр. 24 – Скопје.** Службено лице, од Град Скопје заедно со службено лице од ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација.
При тоа, е утврдено дека дрвото кое е за сечење е старо и суво стебло, без крошна и без гранки, останато е само деблото кое е навалено и потпрено на друго дрво. При невреме постои опасност од негово паѓање и причинување на материјална или друга штета и во случајот не постојат услови за пресадување. Дрвјата кои се за кастрење имаат широко разгранети крошни со суви и кршливи гранки.
Согласно член 10 а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20 ) останато зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување, кои претставуваат придружна содржина на други основни намени, а се во сопственост на физички и правни лица, или дадени на нивно користење.
Согласно член 11 став 1 точка 3 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) зелените површини покрај објекти за јавни институции (образовни, здравствени, социјални, културни, државни, верски и друго) се сметаат за тип на останато зеленило.
Согласно член 14 од горе наведениот закон, подигање, одржување и реконструкција на останатото зеленило, кое е дел од градежна парцела со одредена намена, врши правно или физичко лице, сопственик или корисник на таа градежна парцела, во согласност со овој закон.
Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или градот Скопје се должни да донесат решение со кое ќе ја утврдат

потребата за сечење, односно кастрење на оштетеното дрво и на видливо место се обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С“ или кастрење: „К“).

Согласно член 36 од горе наведениот закон со решението за сечење на дрвја се утврдува обврската на подносителот на барањето, да изврши компензациско садење со соодветен број дрвја чиј збирен пречник одговара на пречникот на пресечените дрвја, при што новите дрвја треба да бидат постари од шест години.

Во став 3 од истиот член стои дека компензациското садење се врши на истата парцела, а ако тоа не е можно, во пречник од 500 м од местото на исеченото стебло, на сопствена или туѓа парцела, со писмена согласност на сопственикот на парцелата.

Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за останато зеленило и дека состојбата во која што се наоѓа дрвото, не дозволува негово пресадување односно за истото е потребно да се овозможи сечење, а состојбата на останатите три дрвја укажува дека е потребно да се искастрат. За дрвото за кое е дозволено сечење, на барателот му е наметнато компензационо садење.

Поради се наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/69/2**
**28.02.2023** година
Скопје

**Доставено до:** Барателот и Архива

изготвил:
________________
**Александра Гочевска**

контролирал:
________________
**Раководител на Одд.**
**Емил Дуровиќ**

По овластување на
Градоначалникот на Град Скопје
Раководител на Секторот
за комунални работи

________________
**Зоран Лапевски**